АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16,132/17 и 168/18), се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 29.10.2018 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4719 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** контролен

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговското радио дифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА КАНАЛ 8 ДООЕЛ Кочани;

3. **Период опфатен со надзорот:** 6 октомври 2018 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 29 октомври 2018 година

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 14 од Законот за медиуми** (Импресум)

6. **Претходно изречена мерка:**

   *На 14.08.2018 година, за непочитување на член 14 од од Законот за медиуми, директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе решение за изрекување мерка – опомена (Уп1 бр. 03-426, 14.08.2018 година) на телевизискиот програмски сервис на Трговското радио дифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА КАНАЛ 8 ДООЕЛ Кочани.*

   *Со изречената мерка, му наложи на радиодифузерот во рок од 45 дена од денот на приемот на решението (15.08.2018 г.), да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

7. **Констатации од надзорот:**

   Со контролниот административен надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското радио дифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА КАНАЛ 8 ДООЕЛ Кочани, емитуван на 6 октомври 2018 година, на локално ниво (Општина Кочани, Општина Виница, Општина Чешиново - Облешево и Општина Зрновце), е констатирано дека субјектот на надзорот (радиодифузерот) **не постапил по решението** за изрекување мерка (Уп1 бр. 03-426, 14.08.2018 година), односно не ја отстранил извршената повреда на член 14 од Законот за медиуми.

Во емисиите **„Магазин** *(седмичен преглед)*" информативен магазин - актуелна информативна емисија (емитувана во периодот од 18:00:31 до 18:25:30), како и во емисиите со различна програмска функција **„Пријатели - *емисија за миленичиња*"** (емитувана во периодот од 05:05:29 до 05:34:43 и од 18:34:18 до 19:03:00) и **"The Olympic series - Rivalry (соперништво)"** (емитувана во периодот од 03:34:44 до 04:00:09 и од 10:30:42 до 10:56:08), не беа објавени нужните административни податоци за уредувачкиот, за авторскиот новинарско – реализаторски тим, ниту за датумот на продукцијата.

8. **Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на член 14 од Законот за медиуми**, телевизискиот програмски сервис на Трговското радио дифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА КАНАЛ 8 ДООЕЛ Кочани, на 6 октомври 2018 година, во повеќе емисии со различна програмска функција, не ги објави податоците што е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис.

9. **Предлог мерка:**

И покрај решението за изрекување мерка опомена донесено на 14.08.2018 година, телевизискиот програмски сервис на Трговското радио дифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА КАНАЛ 8 ДООЕЛ Кочани не ја отстрани повредата, односно продолжи со вршење на истата повреда на Законот за медиуми.

Оттаму:

- Директорот на Агенцијата да поднесе барање за поведување прекршочна постапка.

***Сектор за програмски работи***